**Читај го текстот внимателно и одбележи ги маргините на текстот користејќи ги следниве знаци:**

Напиши ✓ (потврден знак) доколку она што си го прочитал си го знаел претходно и ти е познато
Напиши – (минус) доколку она што си го прочитал е поинаку од она што си мислел дека го знаеш
Напиши **+** (плус) доколку она што си го прочитал е ново и непознато за тебе
Напиши **?** (прашалник) доколку нешто не ти е јасно или сакаш повеќе да научиш за тоа

## ВТОРА ТЕМА „АНТИЧКА КНИЖЕВНОСТ“

# II.1. Античка епика

Зборот епика води потекло од старогрчкиот збор epos (ст.грч. ἔπος) што изворно значи „збор“, а во поширока смисла значи „беседа“ или „јуначка приказна“.

Античката епика претставува книжевна дејност на творење на епови или епски песни во кои се раскажуваат различни херојски подвизи на боговите, полубоговите и луѓето, во кои се величаат славата и јунаштвото. Творците на епските песни се нарекуваат епски поети.

<u>Основното обележје</u> на епиката е **раскажувањето** или нарација. Тој е најстар книжевен род кој првин се пренесувал усно од колено на колено сѐ до пронаоѓањето на писмото кога книжевните епски дела почнале за првпат да се запишуваат на папирус или пергамент.

<u>Основната содржина</u> на епот е **митот**, односно некоја митска приказна. За да состави еп, епскиот поет ја користи содржината на некоја митска приказна, а потоа истата ја ниже во стихови и се става во улога на раскажувач.

Античките епови ги карактеризираат два елементи: **инвокација** и **ретардација**. **Инвокација** значи повикување на боговите на почеток на песната со цел да му помогнат на поетот да пее и да раскажува за минатите случувања. **Ретардацијата** се случува кога поетот одненадеж ќе го прекине раскажувањето на главниот настан во епската песна и ќе почне да раскажува за нешто друго или ќе дава долги описи на нечиј лик или предмет, а потоа пак ќе се врати на главниот настан.

### Поважни епски поети и нивни книжевни дела

Меѓу најпознатите хеленски поети се **Хомер** со еповите „**Илијада**“ и „**Одисеја**“ и **Хесиод** со „**Теогонија**“ и „**Дела и дни**“.
Во „Илијада“ Хомер раскажува за историјата на градот Троја и за Тројанската војна. Овој еп се нарекува херојски и има околу 15.693 стиха!



Во „Одисеја“ Хомер раскажува за долгогодишните патувања и талкања на јунакот Одисеј по Егејското Море веднаш по разрушувањето на Троја. Тој упорно сакал да се врати назад во неговото кралство на островот Итака, но боговите го казниле и не му дозволиле. Дома, во кралската резиденција, го очекувале неговата жена Пенелопа и синот Телемах.

Од римските поети најпознати се **Вергилиј** со епот „**Ајнеида**“ и **Овидиј** со епот „**Метаморфози**“ (или „Преобразби“). Во „Ајнеида“ Вергилиј раскажува за тројанецот Ајнеј кој успеал да побегне од опожарената Троја за да подоцна се насели на Апенинскиот Полуостров (денешна Италија). Таму изградил нова населба. Старите Римјани го сметаат за нивен прататкo, прв предок.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

**Пополни ја ИНСЕРТ табелата со препишување на текстот од обележаните делови со знаци. Не препишувај цели реченици, туку само накусо препиши ги деловите од речениците обележани со знаците:**

**Име и презиме на ученик и одделение:**

**-------------------------------------------------------------------------------**



| **ИНСЕРТ – ТАБЕЛА** | | | |
|---|---|---|---|
| ✓ | – | + | ? |
| **Она што сум го прочитал(а) претходно и ми е разбирливо** | **Она што сум го прочитал(а) претходно, но не е така како што сум го знаел(а)** | **Нешто што е ново и непознато за мене** | **Нешто што не ми е јасно или нешто за што сакам повеќе да знам** |
| | | | |

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
cc BY NC ND